*Елена ЦУКЕСКА*

**УДК:373.5.014.5:930.85(497.7)**
Изворен научен труд

# КЛАСИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ, КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ, КЛАСИЧНИ СТУДИИ

***Кратка содржина:***

*Република Северна Македонија е земја со богато и уникатно културно-историско наследство од античкиот период и со традиција на изучување на класичните јазици и класичната култура на сите нивоа на образование стара преку 75 години. Па сепак, евидентно е дека повеќе години наназад континуирано опаѓа интересот за запишување на студенти на Институтот за класични студии.*

*Различни фактори може да имаат влијание на ваквата состојба. Овој труд поконкретно ги презентира и анализира податоците од спроведена анкета со ученици од четврта година од средните училишта - гимназиска струка во Република Северна Македонија, со којашто се истражува поврзаноста на интересот за студирање класична филологија со статусот на класичните јазици во средното образование, степенот на информираност и перцепцијата на учениците од средните училишта за класичните јазици и класичните студии, како и нивната мотивација при изборот на студиска програма општо земено.*

*Резултатите од истражувањето покажуваат дека информираноста на учениците во средните училишта, нивната перцепција за важноста на класичното образование и нивната мотивација за студирање се поврзани со посетувањето настава по класичен јазик и дека постои простор во иднина овие прашања да се адресираат директно со креирање соодветни политики од страна на Институтот за класични студии.*

***Клучни зборови:*** *класично образование, класични јазици, класични студии*

## Увод

Класичното образование, во смисла на изучување на класичните јазици (старогрчки и латински) и класичната култура на сите нивоа на образование во Република Северна Македонија има континуирана традиција стара преку 75 години.[1] Институтот за класични студии при Филозофски-

[1] И во периодот пред Втората светска војна, кога на нашиве простори не било достапно образование на македонски јазик, изучувањето на класичните јазици и класичната култура било присутно во училишта како Грчката машка гимназија во Битола (1884/1885 – 1911/1912) или Романскиот машки лицеј во Битола (1880 - 1913), (Минов, 2017: 311-314).

от факултет работи од 1946 година и е единствената високообразовна институција во државата каде што се нудат сеопфатни студиски програми на сите три циклуси од областа на класичната филологија, античките студии и византологијата.

Класичните јазици се учат како посебни предмети во средното образование со различен интензитет во различни периоди, додека другите содржини од класичната култура се инкорпорирани во предмети како Мајчин јазик и литература, Историја, Филозофија, Ликовна уметност и сл. Треба да се обележи постоењето на *Класична гимназија* во два наврати (од втората половина на четириесеттите до втората половина на педесеттите години и од првата половина на седумдесеттите до првата половина на осумдесеттите години од минатиот век, Чадиковска, 1991: 235) и постоењето на *Културолошката насока* во рамките на средното насочено образование како два образовни модели на средно образование во кои класичните јазици и класичната култура се учат и со поголем фонд на часови и со пообемна програма.

Во моментов предметот Класичен јазик (Латински или Старогрчки) има статус на изборен предмет, односно е вклучен во по една комбинација од општествено-хуманистичкото, природно-математичкото и јазично-уметничкото подрачје од Гимназиска струка. Предметот Латински јазик е вклучен во наставните планови за образовните профили во здравствената струка и во земјоделско-ветеринарната струка. А, што се однесува до основното образование, предметот Класичната култура во европската цивилизација како изборен се изучува во шесто одделение.

Континуираниот контакт на учениците со различни содржини од областа на класичната цивилизација и во основно и во средно образование, како и континуираната активност на Институтот за класични студии, и особено континуираните заложби на Здружението „Антика" за редовно одржување на Државниот натпревар по класични јазици и разни други видови активности за популаризација на класиката би требало да поттикнуваат и континуиран интерес кај учениците за запишување на една од студиските програми на Институтот за класични студии. Па, сепак тоа не е така. Во последниве неколку години бројот на запишани студенти е драстично намален, што зборува и за намален интерес за класичните студии кај учениците.

Причините за ова може да бидат различни: недостаток на можности за вработување, неможност за добивање работно место со добра плата, несоодветна информираност на учениците и родителите за важноста на класичното образование и за можностите за вработување, несоодветно дизајнирани наставни програми, несоодветни учебници, недостаток на услови за одржување квалитетна настава, лош образовен менаџмент, отсуство на маркетинг, несообразеност на студиските програми со потребите на новите генерации, неповолен општествен амбиент и сл.

Со цел да се утврди и истражи поврзаноста на интересот за студирање класична филологија поконкретно со статусот на класичните јазици во средното образование, степенот на информираност и перцепцијата на учениците од средните училишта за класичните јазици и класичните студии, како и нивната мотивација при изборот на студиска програма општо земено, спроведовме анкета со ученици од четврта година од средните училишта – гимназиска струка. Ваква анкета досега никогаш не е направена во нашата држава. Во продолжение ги презентираме и анализираме резултатите и добиените податоци.

## Резултати од анкетата: Класично образование, класични јазици, класични студии

Анкетата беше спроведена во периодот март - април 2021 по електронски пат. До средните училишта во Република Северна Македонија, што имаат гимназиска струка беше доставен прашалник на македонски или на албански јазик.[2] Прашалникот е составен од неколку групи прашања. Првата група прашања е за општите податоци за учесниците во анкетата, втората група е во врска со перцепцијата на учениците за важноста и улогата на познавањето класичен јазик, третата се однесува на информираноста на учениците за класичните студии, четвртата на мотивацијата при изборот на студии генерално и петтата на мотивацијата за евентуален избор на класични студии.

Во анкетата земале учество вкупно 363 ученици (коишто дале 294 одговори на македонски и 69 на албански јазик) од четврта година – гимназиска струка. Имајќи го предвид вкупниот број на запишани ученици во четврта година во учебната 2020/2021, интересот за земање учество во анкетата не е голем.[3] Но, од друга страна одговорите доаѓаат од 13 градови (Скопје, Македонска Каменица, Кочани, Делчево, Велес, Битола, Охрид, Гевгелија, Демир Капија, Радовиш, Струмица, Неготино, Кичево), што е доволно широка основа за анализа на добиените податоци.

Настава следат на македонски јазик 283, на албански 70, турски 8, англиски 2 од учениците коишто го пополниле прашалникот.[4] Учесниците

[2] Преводот на прашалникот на албански го направи колегата Бесарт Емини, класичен филолог, вработен во Гимназијата „Зефљуш Марку“, за што му искажувам посебна благодарност. Воедно им искажувам благодарност и на сите други колеги класични филолози, вработени и одговорни лица во средните училишта што одговорија позитивно на барањето за спроведување на анкетата и со тоа ја овозможија реализацијата на ова истражување и изработката на трудот.

[3] Според податоците од Државниот завод за статистика на почетокот на учебната 2020/2021 бројот на ученици во четврта година во редовните средни училишта изнесува 16.784 (Соопштение од 29.3.2021, број 2.1.21.09).

[4] Резултатите од анкетата не се анализирани детално од аспект на етничката припадност на учениците, но одговорите дадени на македонски и на албански јазик се прикажани одделно затоа што се добиени преку два посебни прашалника.

во анкетата се доминантно од женски пол, 78,1 % од оние што ја пополниле на македонски, односно 62,3 % од оние што го сториле тоа на албански јазик.

Што се однесува до процентот на ученици што учеле или учат класичен јазик, тој изнесува 59,6 % кај оние што прашалникот го одговарале на македонски и 72,5 % кај оние што тоа го сториле на албански јазик.

Процентот на оние што учествувале на натпревар по класичен јазик е исклучително низок, само помалку од 4 % и тоа од оние што го пополнувале прашалникот на македонски јазик. Ова веројатно е и очекувано имајќи предвид дека во минатата 2020 година поради пандемијата со вирусот КОВИД-19 редовниот Државен натпревар по класични јазици што го организира Здружението на класични филолози „Антика" не се одржа. Се одржа само Европскиот натпревар по латински јазик ELEX Vestibulum, натпревар што секако се изведува по електронски пат, а го организира „Еврокласика", Европска федерација на здруженија на професори по класични јазици и цивилизации, чиј член е и Здружението „Антика".

Во врска со прашањата поврзани со важноста и улогата на познавањето класичен јазик, една третина од учениците што го одговарале прашалникот на македонски јазик се согласуваат во целост или во голема мера дека познавањето латински зборови го олеснува учењето на другите предмети и читањето и разбирањето, една третина искажуваат воздржаност, односно ниту се согласуваат ниту не се согласуваат и една третина воопшто не се согласуваат или само донекаде се согласуваат. Учениците пак, што прашалникот го одговарале на албански јазик, во многу помала мера искажуваат воздржаност, 18,8 %, во поглед на тоа дали познавањето латински зборови помага во учењето на другите предмети и 10 %, во поглед на тоа дали тоа го олеснува читањето и разбирањето. Перцепцијата е речиси подеднакво позитивна и негативна во однос на тоа дали познавањето латински зборови го олеснува учењето на другите предмети, каде што околу 42 % од учесниците во анкетата сметаат дека е тоа така во голема мера или во целост, додека 38 % дека тоа воопшто не е така или само донекаде. Од друга страна негативната перцепција е поизразена во поглед на корисноста од познавањето на латински зборови за читањето и разбирањето, каде што дури 55 % од учесниците во анкетата сметаат дека тоа воопшто не е корисно или само донекаде се согласуваат дека е тоа така, додека околу 35 % од учениците во целост или во голема мера сметаат дека е корисно.

Споредбата на одговорите на овие две прашања со информацијата дали ученикот учел или учи класичен јазик покажува дека постои корелација, односно дека учениците што учеле класичен јазик во поголем процент се согласуваат целосно или во голема мера дека познавањето латински зборови го олеснува учењето на другите предмети и читањето и разбирањето и во помал процент искажуваат целосно или делумно несогласување, што може да се смета како индикација дека учениците ги чувствуваат и се во

состојба да ги препознаваат бенефитите од учењето класичен јазик.[5] Види табела 1 и табела 2.

*Табела 1*

| **Јазик на којшто е одговорен прашалникот** | **Ученикот учел или учи класичен јазик** | **Одговор на прашањето: Дали познавањето на латински зборови го олеснува учењето на другите предмети?** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | воопшто не се согласувам | донекаде се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | се согласувам во голема мера | целосно се согласувам |
| македонски | да | 10,9 % | 20 % | 28,5 % | 29,2 % | 11,4 % |
| | не | 25,2 % | 21 % | 42.9 % | 9,2 % | 1,7 % |
| албански | да | 20 % | 12 % | 20 % | 38 % | 10 % |
| | не | 15,8 % | 42,1 % | 15,8 % | 15,8 % | 10,5 % |

*Табела 2*

| **Јазик на којшто е одговорен прашалникот** | **Ученикот учел или учи класичен јазик** | **Одговор на прашањето: Дали познавањето на латински зборови го олеснува читањето и разбирањето?** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | воопшто не се согласувам | донекаде се согласувам | ниту се согласувам ниту не се согласувам | се согласувам во голема мера | целосно се согласувам |
| македонски | да | 12,6 % | 17,7 % | 35,4 % | 18,8 % | 15,5 % |
| | не | 22,7 % | 30,2 % | 32,8 % | 11,8 % | 2,5 % |
| албански | да | 12 % | 40 % | 10 % | 20 % | 18 % |
| | не | 42,2 % | 21 % | 10,6 % | 15,8 % | 10,5 % |

Што се однесува до тоа дали познавањето на латински јазик е неопходно за студирање различни дисциплини, резултатите покажуваат

[5] На слични заклучоци упатува и истражување направено во Србија со учениците од средните училишта што учат латински јазик (Dimitrijević, 2019: 36 - 37).

дека учениците јасно ја препознаваат улогата и важноста од познавањето на латинскиот јазик единствено во и за медицината, па соодветно 55 % од учениците што го пополнувале прашалникот на македонски јазик, и 48 % од оние што го пополнувале на албански одговориле дека е во голема мера или апсолутно неопходно познавањето латински јазик за студирање медицина. За жал, само 21 % од оние што одговарале на македонски и 13 % од оние што одговарале на албански сметаат дека познавањето на латинскиот јазик е апсолутно или во голема мера неопходно за студирање право. Учениците го поврзуваат на позитивен начин латинскиот јазик со природните науки во поголем процент споредено со општествените и хуманистичките науки. Па така, од оние што ја пополнувале анкетата на македонски јазик 42 % сметаат дека познавањето латински јазик е апсолутно неопходно или во голема мера неопходно за природните науки, а само 22 % за општествено-хуманистичките. Слично и учениците што ја пополнувале анкетата на албански јазик, 34 % сметаат дека познавањето на латинскиот јазик е апсолутно или во голема мера неопходно за студирање природни науки, додека само 25 % сметаат дека е тоа така за општествено-хуманистичките науки. Една третина или 30 % од учениците што одговарале на македонски и 19 % од учениците што одговарале на албански јазик ја согледуваат важноста од познавањето латински јазик (апсолутно или во голема мера) за студирање романски јазици. Учениците во многу мал процент, 4 - 6 % ја согледуваат важноста од познавањето на латинскиот јазик за студирање албански јазик. И на крајот изненадувачки низок е и процентот на оние ученици што го поврзуваат познавањето латински јазик со студирањето античка книжевност, имено само 37 % од оние што анкетата ја пополнувале на македонски и 18 % од оние што ја пополнувале на албански јазик се изјасниле дека е тоа апсолутно или во голема мера неопходно.

Споредбата на податоците, покажува дека одговорите на ова прашање не се во јасна корелација со тоа дали ученикот учел класичен јазик. Така на пример, 45,8 % оние што учеле и 45,4 % оние што не учеле, а ја одговарале анкетата на македонски јазик сметаат дека е апсолутно неопходно познавање на латински јазик за студирање медицина, додека 57,8 % од оние што не учеле и 28 % од оние што учеле класичен јазик, а ја одговарале анкетата на албански јазик го дале истиот одговор. Ова може да биде индикација дека учениците својот став дека латинскиот јазик е важен за студирање определена дисциплина го имаат стекнато на начин, што нема врска со посетувањето настава по класичен јазик.

Во однос на информираноста на учениците за можностите за студирање класични јазици и античка книжевност, нешто помалку од половината учесници во анкетата коишто го одговориле прашалникот на македонски јазик, односно 46,2 %, одговориле дека во Македонија може да се студираат класични јазици и античка книжевност, но само една третина, 33,6 % знаат, односно очекуваат дека соодветна студиска програма има на Философскиот факултет. Дури две третини се погрешно информирани во

однос на ова прашање, односно имаат погрешна претпоставка или очекување, па 55,8 % одговориле дека би очекувале соодветна програма на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", а 10,6 % на Педагошкиот факултет, „Св. Климент Охридски". Слично, кај учениците што прашалникот го пополнувале на албански јазик, нешто помалку од половината 44,9 % одговориле потврдно на прашањето дали во Македонија може да се студираат класични јазици и античка книжевност, додека само една третина, 34,8 % очекуваат соодветна студиска програма да има на Философскиот факултет.

Споредбата на одговорите на ова прашање со информацијата дали ученикот учел или учи класичен јазик укажува на поврзаност помеѓу посетувањето настава по класичен јазик и соодветната информираност за можностите за студирање на Институтот за класични студии. Види табела 3.

*Табела 3*

| **Јазик на којшто е одговорен прашалникот** | **Ученикот учел или учи класичен јазик** | **Одговор на прашањето: Дали во Република Северна Македонија може да се студираат класични јазици (латински, старогрчки)?** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | да | не | не сум сигурен |
| македонски | да | 49,1 % | 5,7 % | 45,2 % |
| | не | 42,8 % | 12,7 % | 44,5 % |
| албански | да | 54 % | 8 % | 38 % |
| | не | 21,1 % | 31,5 % | 47,4 % |

Последното прашање во оваа група прашања се однесува на информираноста во врска со можното вработување со диплома за завршени класични студии. Во најголема мера, односно две третини од учесниците во анкетата, се убедени дека со диплома од класични студии може да се работи во училиште. Во голема мера (63 % од оние коишто го одговарале прашалникот на македонски јазик и 49 % од оние кои го одговарале на албански јазик) сметаат и на вработување во музеј. Една третина од учесниците претпоставуваат дека со дипломата од завршени класични студии може да се работи во архив. Што се однесува до можното вработување во библиотека, една третина од учениците што одговарале на македонски јазик и помалку, 16 % од оние што одговарале на албански јазик одговориле потврдно. Во поголема мера позитивен одговор учениците дале и во однос

на можното вработување во научен институт, 46 % од оние коишто ја пополнувале анкетата на македонски јазик и 36 % од оние коишто ја пополнувале на албански јазик. Многу мал број од учениците помалку од 10 % гледаат на медиумите, маркетинг-агенциите, администрацијата, банките или адвокатските канцеларии како места каде што може да се работи со диплома од завршени класични студии. Добиените резултати зборуваат за тоа дека учениците имаат перцепција за студиските програми по класична филологија како програми со кои се стекнуваат стручни квалификации и компетенции со потесен опсег. Ваквите ставови на учениците кореспондираат со нашата општествена реалност. За разлика од Македонија, во европските земји и во САД студиите по класична филологија се вообичаен подготвителен степен за студирање право, за упис на многу од студиските програми услов е познавање латински јазик и општо земено сосема е вообичаено кадрите со диплома од класична филологија да се вработуваат во банки, адвокатски канцеларии, маркетинг-агенции. Во согласност со тоа се креираат и рекламните кампањи и уписните политики на универзитетите.

Најголемиот дел од учесниците во анкетата, 80 % проценти веќе одлучиле дека ќе студираат и голем дел од нив веќе одлучиле и што ќе студираат, околу 60 %. Аналогно, 82 % од оние што прашалникот го пополнувале на македонски јазик и 75,4 % од оние што прашалникот го пополнувале на албански јазик одговориле дека разгледуваат различни студиски програми за да се информираат при изборот. И покрај тоа што околу 40 % од учениците сѐ уште немаат одлучено што ќе студираат, односно сѐ уште размислуваат, забележително само 20,3 % од оние што одговарале на прашањата на македонски јазик и 24,6 % од оние што одговарале на албански јазик, одговориле потврдно дека би сакале да добијат информации за студиските програми од Институтот за класични студии. Негативен одговор дале повеќе од половината од учесниците во анкетата, 52,9 % и 53,6 % проценти соодветно. Но, споредбата на одговорите на прашањето дали имаш одлучено што ќе студираш и дали би сакал да добиеш информации за студиските програми од Институтот за класични студии покажува дека заинтересирани да добијат информација за класичните студии има и помеѓу оние што веќе одлучиле што ќе студираат и помеѓу оние што сѐ уште не го свориле тоа. Види табела 4.

Споредбата на податоците исто така покажува дека постои јасна корелација помеѓу информацијата дали ученикот учел или учи класичен јазик и процентот на позитивните и негативните одговори на прашањето дали би сакал да добиеш информации за студиските програми од Институтот за класични студии. Види табела 5.

*Табела 4*

| **Јазик на којшто е одговорен прашалникот** | **Одговор на прашањето: Дали имаш одлучено што ќе студираш?** | **Одговор на прашањето: Дали би сакал да добиеш информации за студиските програми од Институтот за класични студии?** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | да | не | не сум сигурен |
| македонски | да | 20,4 % | 56,9 % | 22,7 % |
| | не | 8,7 % | 69,5 % | 21,8 % |
| | сè уште размислувам | 24,2 % | 40,4 % | 35,4 % |
| албански | да | 15,5 % | 66,6 % | 17,9 % |
| | не | 50 % | 50 % | |
| | сè уште размислувам | 35,7 % | 35,7 % | 28,6 % |

*Табела 5*

| **Јазик на којшто е одговорен прашалникот** | **Ученикот учел или учи класичен јазик** | **Одговор на прашањето: Дали би сакал да добиеш информации за студиските програми од Институтот за класични студии?** | | |
|---|---|---|---|---|
| | | да | не | не сум сигурен |
| македонски | да | 22.3 % | 48 % | 29,7 % |
| | не | 18,5 % | 58,8 % | 22,7 % |
| албански | да | 30 % | 46 % | 24 % |
| | не | 10,5 % | 73,7 % | 15,8 % |

Што се однесува пак до мотивацијата на учениците при изборот на студии, односно очекувањата од студиските програми, учесниците во анкетата со мали отстапки на сличен начин ги валоризираат стекнувањето знаење од областа на интерес, добивањето диплома што овозможува сигурно вработување, добра плата, стекнувањето компетенции, вештини и ставови, можноста за личен развој и можноста за социјализација (*види табела 6*). Па така, во најголема мера тие сметаат дека е од пресудна важност или е прилично важно студиите да ги овозможуваат сите овие придобивки. Кај учениците што прашалникот го одговориле на македонски јазик, процентите се движат од 63 до 69 %. Ако се погледнат подетално податоците се забележува дека сепак на прво место се става стекнувањето знаење од сферата на интерес, а на последно социјализацијата. Кај оние што прашалникот го одговориле на албански јазик процентите варираат повеќе,

па се движат од 35 до 46 %, со што тоа овде се воочува дека учениците подеднакво важни, односно за најважни ги сметаат стекнувањето знаење од областа на интерес и стекнувањето компетенции, вештини и ставови, а социјализацијата е повторно на последно место.

Она што секако е најинтересно за Институтот за класични студии е дали учениците би се запишале на класични студии ако овие студии ги исполнуваат очекувањата, односно ако овозможуваат стекнување знаење од областа на интерес, сигурно вработување, работа со добра плата, стекнување компетенции, вештини и ставови што може да се применат практично и во професионален контекст, личен развој и социјализација. Анкетата покажува дека учениците во најголем процент се согласуваат во голема мера или целосно, односно би се запишале на класични студии кога би биле исполнети посочените очекувања. Процентите се движат од 44 до 62 % кај оние ученици што одговарале на македонски јазик и од 32 до 49 % кај оние што одговарале на албански јазик. Но, сепак споредбата на податоците покажува (*види табела 6*) дека процентот на ученици што искажуваат во голема мера или целосно подготвеност да се запишат на класични студии е помал од процентот на ученици што сметаат дека е од пресудна важност или прилично важно студиските програми на коишто би се запишале да исполнуваат определени очекувања, односно да овозможуваат определени придобивки. Разликите се поголеми кај одговорите на македонски јазик, отколку кај одговорите на албански јазик. Причините за ова би требало да се утврдат со дополнително подетално истражување.

***Табела 6***

| **Јазик на којшто е одговорен прашалникот** | **Одговор на прашањето: Дали / Колку ти е важно студиите што ќе ги одбереш да ти овозможат:** | **Одговор на прашањето: Дали се согласуваш со исказот би се запишал на класични студии** |
|---|---|---|
| | **знаење од областа што ме интересира** | **ако тоа најмногу ме интересира** |
| | воопшто не е важно | воопшто не се согласувам |
| македонски | 3 % | 7,9 % |
| албански | 6 % | 17,6 % |
| | донекаде е важно | донекаде се согласувам |
| македонски | 5 % | 10,7 % |
| албански | 13 % | 23,5 % |
| | ниту е важно ниту е неважно | ниту се согласувам ниту не се согласувам |
| македонски | 25 % | 19,7 % |
| албански | 35 % | 16,2 % |
| | прилично е важно | се согласувам во голема мера |
| македонски | 8,5 % | 21,7 % |

| | | |
|---|---|---|
| албански | 3 % | 10,3 % |
| | од пресудна важност е | целосно се согласувам |
| македонски | 58,5 % | 40 % |
| албански | 43 % | 32,4 % |
| | **сигурно вработување** | **ако тоа ми овозможи сигурно вработување** |
| | воопшто не е важно | воопшто не се согласувам |
| македонски | 3,7 % | 16,2 % |
| албански | 7,2 % | 17,4 % |
| | донекаде е важно | донекаде се согласувам |
| македонски | 6 % | 9,3 % |
| албански | 19 % | 26,1 % |
| | ниту е важно ниту е неважно | ниту се согласувам ниту не се согласувам |
| македонски | 24 % | 24,4 % |
| албански | 33,3 % | 15,9 % |
| | прилично е важно | се согласувам во голема мера |
| македонски | 14,3 % | 22,3 % |
| албански | 8,6 % | 21,7 % |
| | од пресудна важност е | целосно се согласувам |
| македонски | 52 % | 27,8 % |
| албански | 31,9 % | 18,8 % |
| | **работа со добра плата** | **ако тоа ми овозможи доброплатена работа** |
| | воопшто не е важно | воопшто не се согласувам |
| македонски | 3 % | 13,4 % |
| албански | 4,3 % | 11,6 % |
| | донекаде е важно | донекаде се согласувам |
| македонски | 5,1 % | 6,2 % |
| албански | 24,7 % | 10,1 % |
| | ниту е важно ниту е неважно | ниту се согласувам ниту не се согласувам |
| македонски | 28 % | 19,7 % |
| албански | 26,1 % | 29 % |
| | прилично е важно | се согласувам во голема мера |
| македонски | 14,6 % | 25,9 % |
| албански | 7,2 % | 21,7 % |
| | од пресудна важност е | целосно се согласувам |
| македонски | 49,3 % | 34,8 % |
| албански | 37,7 % | 27,5 % |

| | **стекнување компетенции, вештини и ставови** | **ако тоа ми овозможи стекнување компетенции и вештини што може да се применат практично и во професионален контекст** |
|---|---|---|
| | воопшто не е важно | воопшто не се согласувам |
| македонски | 4 % | 11,7 % |
| албански | 8,7 % | 10,1 % |
| | донекаде е важно | донекаде се согласувам |
| македонски | 7,5 % | 10,3 % |
| албански | 20,3 % | 24,6 % |
| | ниту е важно ниту е неважно | ниту се согласувам ниту не се согласувам |
| македонски | 24,2 % | 27,1 % |
| албански | 24,6 % | 30,4 % |
| | прилично е важно | се согласувам во голема мера |
| македонски | 11,2 % | 24,1 % |
| албански | 10,1 % | 17,4 % |
| | од пресудна важност е | целосно се согласувам |
| македонски | 53 % | 26,8 % |
| албански | 36,3 % | 17,4 % |
| | **личен развој** | **ако тоа ми овозможи личен развој** |
| | воопшто не е важно | воопшто не се согласувам |
| македонски | 3 % | 11,7 % |
| албански | 7,2 % | 15,9 % |
| | донекаде е важно | донекаде се согласувам |
| македонски | 7 % | 11,3 % |
| албански | 17,4 % | 18,8 % |
| | ниту е важно ниту е неважно | ниту се согласувам ниту не се согласувам |
| македонски | 26 % | 30,2 % |
| албански | 30,4 % | 21,7 % |
| | прилично е важно | се согласувам во голема мера |
| македонски | 12 % | 16,8 % |
| албански | 8,7 % | 21,7 % |
| | од пресудна важност е | целосно се согласувам |
| македонски | 52 % | 29,9 % |
| албански | 36,3 % | 21,7 % |
| | **социјализација** | **ако тоа ми овозможи социјализација** |
| | воопшто не е важно | воопшто не се согласувам |
| македонски | 4 % | 14,5 % |
| албански | 11,6 % | 13 % |

| | | |
|---|---|---|
| | донекаде е важно | донекаде се согласувам |
| македонски | 8 % | 15,6 % |
| албански | 18,8 % | 23,2 % |
| | ниту е важно ниту е неважно | ниту се согласувам ниту не се согласувам |
| македонски | 25 % | 26 % |
| албански | 34,8 % | 31,9 % |
| | прилично е важно | се согласувам во голема мера |
| македонски | 16 % | 15,9 % |
| албански | 10,1 % | 14,5 % |
| | од пресудна важност е | целосно се согласувам |
| македонски | 47 % | 28 % |
| албански | 24,6 % | 17,4 % |

## *Заклучок*

Анализата на податоците покажува дека поголемиот дел од учениците не ги согледуваат во доволна мера важноста и улогата на познавањето латински зборови за учењето на другите предмети и за читањето и разбирањето општо земено, како и за студирањето различни дисциплини. Но, оние што учеле класичен јазик во поголем процент имаат позитивна перцепција, односно се согласуваат во голема мера или целосно дека познавањето латински зборови го олеснува учењето на другите предмети и читањето и разбирањето. Перцепцијата на учениците за важноста од познавањето на латинскиот за студирањето, вклучително и дисциплини како античка книжевност не може на јасен начин да се поврзе со тоа дали ученикот посетувал или не настава по класичен јазик.

Истражувањето потврдува дека учениците не се доволно добро информирани за можностите за студирање класични јазици и античка книжевност, односно дека дури две третини имаат погрешна претпоставка за тоа на кој факултет има класични студии. Но, споредбата покажува дека оние што учеле или учат класичен јазик во поголем процент се точно информирани. Добиените резултати од анкетата зборуваат за тоа дека учениците имаат перцепција за студиските програми по класична филологија како програми со коишто се стекнуваат стручни квалификации и компетенции со потесен опсег и не очекуваат добиената диплома да им овозможи вработување надвор од сферата на образованието и културата.

Најголемиот дел од учесниците веќе одлучиле да студираат и што ќе студираат, следствено само 20 – 25 % потврдиле дека би сакале да се информираат за студиските програми на Институтот за класични студии. Истражувањето упатува на тоа дека и во однос на ова посетувањето настава по класичен јазик е од значење. А од најголемо значење е веројатно тоа што потврдните одговори ги даваат и оние што веќе одлучиле што ќе студираат и оние што сè уште размислуваат. Учениците на сличен начин ги валори-

зираат стекнувањето знаење од областа на интерес, добивањето диплома што овозможува сигурно вработување, добра плата, стекнувањето компетенции, вештини и ставови, можноста за личен развој и за социјализација односно во најголема мера сметаат дека се од пресудна важност или се прилично важни при изборот на студии. Иако, во нешто помал процент учениците би се запишале на класични студии доколку овие студии се она што најмногу ги интересира или студиите можат да ги исполнат овие очекувања.

Имајќи ги предвид добиените резултати од спроведената анкета очигледно е дека има простор на Институтот за класични студии да се креираат соодветни политики и да се спроведат конкретни активности со коишто ќе се унапреди статусот на класичните јазици во средното образование и ќе се создадат поразновидни можности за информирање на учениците за студиските програми на Институтот, за можностите за вработување на дипломираните кадри, како и за важноста и улогата на класичното образование општо земено.

**Литература**


Минов, Н. (2017). Гимназиите во османлиска Македонија. Во В., Ѓорѓиев и др., уред., *70 години Институт за историја. 70 години македонска историографија. Зборник на трудови од научната конференција одржана на 13 и 14 декември 2016 во Скопје*. Скопје: УКИМ / ФЗФ, стр. 305 - 345.

Чадиковска, Д. (1991). Класичното образование во СР Македонија. Во: П. Хр. Илиевски и В. Митевски, уред., *Грчко-римска антика во Југославија и на Балканот. Прилози од 5-тиот Научен собир на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија, одржан во Скопје од 26 до 29 септември 1989 г. ЖА Посебни изданија бр. 9*, стр. 234 - 239.

Canfarotta, D. et al. (2018). Digital competences and teaching of classical languages: student's perception in Italian and Spanish schools. In: F. J. García-Peñalvo, ed., *Proceedings of 6th International Conference Technological Ecosystems for Enhancing Multiculturality, (Salamanca, Spain, October 24-26, 2018)*. New York, NY: ACM, 5 pages.

Dimitrijević, D. (2019). Latin curricula, Attitudes and Achievement: An Empirical Investigation. Во: В. Димовска-Јањатова и Д. Тошева-Николовска, уред., *Exegi monumentum aere perennius. Зборник во чест на Елена Колева, Љубинка Басотова и Даница Чадиковска, по повод 85 години од нивното раѓање. Систасис. Посебно издание* 5, стр. 27 - 42.